# ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**ЦК,,Марко Цепенков,, успешно и годинава (2011) ги издаде двата двоброја на списанието за литература, уметност и култура ,, Стремеж,,. Со тоа продолжува да биде значаен чинител за презентација на литературата, уметноста и културата во македонски рамки.**




## Двоброј 1-2

На почетните страници на двобројот 1 -2 се објавени есеи и критики. Диме Митревски пишува за ,,Откривањето на песната,, додека Маја Апостолоска се осврнува на поезијата на Санде Стојчевски. Писателите Бранко Цветковски, Трајче Крстески и Виолета Мартиновска го пренесуваат својот став за книгата раскази ,,Чудесниот број три,, на Петар Петрески, кој пак во ,,Стремеж,, го објавува расказот Слика.
Зоран Јакимоски пишува за збирката поезија,, Забранета книга,, од Смиле Наумоски.
Во двобројот 1-2 објавена е поезија од Ило В. Гајтаноски и Катерина Батаклиева, како и преводи и препеви на поезија од поетите Џудит Скилман, Патриција Прајм, Павел Великовски и Максим Замшев.

## Двоброј 3-4

На почетните страници на двобројот е објавена поезија од Милош Линдро, Коста Бојчески, Александар Маџаровски, проза од Ивона Дамеска, како и препевот на стихови од Јан Неруда во превод на Диме Митревски.Двобројот 3-4 содржи и прозни текстови од Иван Вискочил, Бобан Богатиновски, Јулијана Величковска - Димоска, Стефан Марковски, како и есеи и критки од Санде Стојчевски, Александар Војневски, Кирил Бисероски, Објавена е и драмата ,, Тетовирање,, од Ана Јакимска и Бранко Костески.